МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД
Комитет за следење на ИПАРД Програма 2014-2020

# Записник од осмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

*03 јуни 2021*

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Арх.Бр. 20-____/__
____ . ____ . 2021

I. **Листа на учесници**

**Реџаил Исмаили –** Претседавач на Комитетот за следење на ИПАРД II

<u>Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД:</u>

1. **Гоце Георгиевски** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Неда Груевска Ѓоковиќ** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. **Дритан Рамадани** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
4. **Назмије Идризи -** Министерство за животна средина и просторно планирање;
5. **Марјан Копевски** - Министерство за транспорт и врски;
6. **Владо Аврамовски** - Министерство за труд и социјална политика;
7. **Елгафар Јусуфи -** Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
8. **Сашо Ристески** - Македонска Асоцијација на преработувачи;
9. **Асен Дуковски –** Федерација на фармери на Република Македонија;
10. **Александра Мартиновска- Стојческа** - Факултет за земјоделски науки и храна- Скопје;
11. **Даниела Димовска** - Земјоделски факултет, УГД-Штип;
12. **Владимир Петков** - Факултет за ветеринарна медицина, УКИМ-Скопје;
13. **Марина Тошевска** - ЛАГ АГРО ЛИДЕР;
14. **Петар Ѓеоргиевски** - Мрежа за рурален развој;
15. **Сашо Крцоски -** Мрежа на млади фармери;
16. **Ненад Стојанов** – Асоцијација на земјоделци;
17. **Лилјана Јоноски-** Рурална коалиција;
18. **Арбен Халили** - Стопанска комора на северозападна Македонија;

<u>Присутни заменици на членови на Комитетот за следење на ИПАРД II:</u>

1. **Татјана Вета -** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Ардијана Абазаи –** Министерство за економија;
3. **Дана Петреска –** Секретаријат за европски прашања;
4. **Наташа Вртеска –** Заедница на единиците на локална самоуправа - ЗЕЛС;
5. **Фросина Пандурска Драмиќанин-** Македонско еколошко друштво;
6. **Лидија Стојановска-** Занаетчиска Комора на Република Северна Македонија.

<u>Претставници на Европска Комисија со набљудувачка улога:</u>

1. **Мариус Лаздинис -** Директорат за земјоделство и рурален развој;
2. **Зиго Рутковскис -** Директорат за земјоделство и рурален развој.

<u>Претставници на Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија:</u>

1. **Маргарита Делева** - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија;
2. **Костас Соупилас** - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија;
3. **Сергеј Михајлов -** Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија.

<u>Претставници на ИПАРД структура:</u>

<u>Претставници од НАО и НФ:</u>

1. **Владо Караманолевски** - Министерство за финансии;

Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ):

1. Живко Брајковски - раководител на Сектор за управување со ИПАРД:
2. Виктор Младеновски - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
3. Јасмина Хаџибулиќ - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
4. Гордана Смилеска - одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
5. Кирил Ристоски - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
6. Златко Колевски - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
7. Оливер Стефановски - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
8. Сашка Јовановска Вукелиќ - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
9. Габриела Петрова- одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
10. Александар Антески - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
11. Душко Јакимовски - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
12. Исах Имишти- одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
13. Дренуша Шурлани - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
14. Саџиде Демир – одделение за спроведување на агроеколошки мерки и LEADER.

Претставници од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР):

1. Никица Бачовски – Директор на АФПЗРР;
2. Вангел Наневски - АФПЗРР;
3. Владимир Христов - АФПЗРР.

Резултати: на осмиот состанок учествуваа Претседавачот на Комитетот, 18 членови и 6 заменици со право на глас (од вкупно 33 членови со право на глас). Согласно член 8 став (3) од Деловникот за работа се постигна кворум за одржување на состанокот со 2/3 од членовите со право на глас.

*Листата на присутност на членовите од последните два состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 е прикажана во прилог 1 од овој записник.*

*Листата на набљудувачи е прикажана во прилог 2 од овој записник.*

## II. Дневен ред за осмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

| Бр. | Време | Тема | Презентирано од: | Документи |
|---|---|---|---|---|
| | | Регистрација | ТУ Секретаријат | |
| | 09:00<br>09:30 | Потврда за присуство на членовите/замениците за состанокот и постигнување на кворум согласно Деловникот за работа | ТУ Секретаријат | Регистрација |
| | 09: 30<br>09: 40 | Отворање на состанокот | Претседавач/ г. Мариус Лаздинис вршител на должност/ Раководител на ИПАРД одделение, ГД за земјоделство, Европска Комисија | Отворање |
| 1. | 09:40<br>09:45 | Усвојување на предлог дневниот ред за осмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 | Претседавач | Предлог дневен ред |
| 2 | 09:45<br>10:00 | Усвојување на записникот од претходниот седми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 одржан на 26 ноември 2020 | Претседавач | Финален записник |
| 3. | 10:00<br>10:15 | Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот седми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 одржан на 26 ноември 2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 4. | 10:15<br>10:45 | Информација во однос на ИПА Мониторинг Комитет | НИПАК | Презентирано на самиот состанок |
| 5. | Статус со спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 | | | |
| 5.1 | 10:45<br>11:30 | Информација за напредокот на активностите на ИПАРД Агенција во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020 | АФПЗРР | Извештај на АФПЗРР |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.2 | 11:30 12:00 | Информација за резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 6. | 12:00 12:15 | Дискусија/одобрување на годишен извештај | ТУ | Годишен извештај за спроведување |
| 7. | Дискусија/одобрување на модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020/ модификација на финансиските табели на Програмата | | | |
| 7.1 | 12:15 12:30 | Извештај за одобрена трета модификација на ИПАРД Програмата 2014- 2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 8. | Активности за техничка помош | | | |
| 8.1 | 12:30 12:45 | Информација во однос на напредок на активности во однос на спроведување на АПТА 2020 и АПТА 2021 | ТУ | Извештај на ТУ |
| 8.2 | 12:45 13:00 | Напредок на активности за комуникација и публицитет за ИПАРД 2014-2020 | ТУ | Извештај за комуникација и публицитет |
| 9. | 13:00 13:20 | Информација за функционирање на системот за следење и контрола на ИПАРД Програмата 2014-2020 | НАО | Извештај на НАО |
| 10. | Информација/дискусија за резултатите од тековната евалуација на ИПАРД Програмата | | | |
| 10.1 | 13:20 13:30 | Напредок на активности поврзани со евалуација на ИПАРД Програма 2014-2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 11. | Подготовка за ИПАРД III Програмата 2021- 2027 | | | |
| 11.1 | 13:30 14:00 | Информација за подготовка на ИПАРД III Програмата 2021- 2027 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 12. | Разно | | | |
| 13. | 14:00 14:10 | Предлог на дневен ред за следниот деветти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II  и усогласување на датумот за негово одржување | Претседавач/ Претставници од Европската Комисија | Дискусија |
| | 14.10 | Затворање на состанокот | Претседавач | |

## III. РЕЗУЛТАТИ ОД СОСТАНОКОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД II ПРОГРАМАТА

### Отварање на состанокот

Г-дин Мариус Лаздинис, назначен раководител на одделението Е5 при ГД АГРИ, ги поздрави членовите на Комитетот за следење на ИПАРД. Тој изрази задоволство од спроведувањето на ИПАРД програмата 2014-2020 и избегнувањето на губење на средствата од 2017 година. Во врска со недостатокот на кадар во АФПЗРР, додаде дека тоа влијае на процесот на одобрување и исплата на проекти. Тој исто така истакна дека е потребно да се подобрат условите за работа во АФПЗРР пред да започне ИПАРД III програмата. Изрази задоволство од постигнатиот напредок во подготовката на ИПАРД III програмата. Неговата клучна порака беше да се најде решение за недостаток на кадар во АФПЗРР, како и соодветни услови за работа.

1. Во врска со точка 1 од дневниот ред: "Усвојување на предлог дневен ред за осмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II".

Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 (ИПАРД II МК), Реџаил Исмаили го отвори осмиот состанок на Комитетот посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот. Тој ги информираше членовите за предлог дневниот ред за осмиот состанок на ИПАРД II МК.

Членовите на ИПАРД II МК немаа забелешки во однос на дневниот ред, со што беше усвоена следнава одлука:

**Одлука бр.1: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 го усвои дневниот ред за осмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

2. Во врска со точка 2 од дневниот ред: "Усвојување на записникот од претходниот седми состанок на ИПАРД II МК одржан на 26 ти ноември 2020".

Претседавачот на ИПАРД II МК информираше дека записникот од претходниот состанок на Комитетот одржан на 26ти ноември 2020 година, е испратен до членовите на Комитетот на 26ти февруари 2021 година и до 12ти март 2021 година до Секретаријатот нема доставено коментари од членовите.

Членовите на ИПАРД II МК немаа забелешки на записникот и беше донесена следната одлука:

**Одлука бр.1: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 го усвои записникот од седмиот состанок на ИПАРД II МК одржан на 26 ти ноември 2020, како конечен.**

3. Во врска со точка 3 од дневниот ред: "Информација за имплементацијата на одлуките/заклучоците од претходниот седми состанок на ИПАРД II МК".

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Живко Брајковски, информираше за напредокот направен во спроведувањето на одлуките/заклучоците донесени на претходниот состанок на ИПАРД II МК, како и за одлуките донесени по пишана постапка, т.е .:

- Две одлуки во врска со промената на акциониот план на планираните активности со мерката „Техничка помош“ (АПТА) за 2021 година
- Финансиска модификација на ИПАРД програмата 2014-2020;

Во врска со оваа точка, членовите на Комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок Бр.1: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (седми) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

4. **Во врска со точка 4 од дневниот ред: “Информација за Комитетот за следење на ИПА”.**

Претставникот на Националниот ИПА координатор, Дана Петреска информираше за состанокот на Комитетот за следење на ИПА, односно заклучокот во врска со политиката на задржување на кадарот на ИПА. Таа информираше дека е повлечено решението за привремен надоместок на плата на кое работеше СЕП заедно со засегнатите страни. Фокусот ќе биде на системско решение што ќе се вметне во новиот Закон за административни службеници што се подготвува. Со поддршка на СИГМА, се подготвува документ за политиката за задржување на вработените во ИПА, кој се однесува на решавање на отворени прашања, како и за подобрување на капацитетот на ИПА на систематски начин, што ќе обезбеди одржливост. Сите законски измени ќе бидат подготвени од МИОА, МФ и другите релевантни институции.

Во врска со оваа точка, членовите на Комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на Комитетот за следење на ИПА.**

5. **Во врска со точка 5 од дневниот ред: "Состојба на спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020".**

**Во врска со подточка 5.1 од дневниот ред: "Информација за напредокот на активностите на ИПАРД Агенција".**

Директорот на ИПАРД Агенцијата, г-дин Никица Бачовски информираше за тековните активности. Забрзувањето на периодот на склучување договори, забрзување на исплатата, пополнување на човечките капацитети, како и изнаоѓање нови работни простории за вработените во ИПАРД агенцијата сѐ уште остануваат главните предизвици на оваа агенција.

Со цел да се намали ризикот за КОВИД-19, претставникот на ИПАРД Агенцијата, г. Вангел Наневски, информираше дека Агенцијата извршила измени во процедурите за извршување на контроли на самото место (КСМ) пред одобрување за мерка 1 за барања/инвестиции што вклучуваат набавка на земјоделска опрема и машини. За тие инвестиции, КСМ пред одобрување на барањето беа заменети со административна верификација на декларираните податоци користејќи ги достапните бази на податоци и регистри. Овој вид административна проверка се покажа како успешен и во иднина ќе се предложи како пристап за потврдување кај овој вид

инвестиции. Тој исто така информира дека за прв пат е применета постапката за рангирање на проектите од последниот јавен повик за Мерка 1 (01/2020). Во однос на контролата на референтните цени, предложена е нова постапка која вклучува комисија за проценка на вредноста на референтните цени. Постапката е разгледана од НАО и доставена до ЕК за одобрување.

Од аспект на одобрување и плаќање на барањата, претставници на ИПАРД агенцијата, Наневски и Христов ги презентираа резултатите од спроведувањето на Програмата по јавни повици (Анекс 3 од записникот). Главните причини за доцнењето во процесите на одобрување и плаќање беа: непропорционалниот однос помеѓу бројот на барања и достапните човечки ресурси, недигитализираниот начин на обработка на барањата, долгото време потребно за контрола на референтната цена и намалениот број на вработените поради пандемијата.

Г-дин Христов информираше дека за сите јавни повици има баратели кои сѐ уште немаат поднесено барање за плаќање, бидејќи нивните проекти се посложени и вклучуваат градежни активности. Процесот на плаќање се очекува да се забрза во иднина, со што ќе се избегне ризикот од доцнење на плаќањата.

Во врска со опасноста од губење на средства, г-дин Наневски рече дека за оваа година треба да се исплатат 1,1 милиони евра за да се избегне можноста од губење на средства. Недостаток на персонал, утврдување на референтни цени и недоволен број на вработени како резултат на пандемијата Ковид сѐ уште остануваат главните причини за одложувања.

Земајќи ја предвид сумата што треба да се плати во 2022 и 2023 година, плус предвидената имплементација на ИПАРД III програмата што ќе го зголеми износот што треба да се апсорбира во наредните години, претставникот на ЕК, г-дин Зиго Рутковски, информираше дека е постигнат прелиминарен договор со НАО, УС и другите ИПАРД структури за потребните активности и чекори за избегнување на опасноста од губење на средства и во претстојните години. Тој исто така уште еднаш посочи дека треба да се преземат неопходните чекори за пополнување на човечкиот капацитет во ИПАРД Агенцијата, како и за обезбедување работни простории.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше за напредокот на активностите на ИПАРД Агенцијата.**

**Во врска со подточка 5.2 од дневниот ред: "Општи информации за спроведување на Програмата/мерките врз основа на показатели за следење, табели".**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Виктор Младеновски го презентираше Годишниот извештај за следење на имплементација на ИПАРД Програмата 2014-2020. Присутните на состанокот беа информирани за спроведувањето на трите мерки од ИПАРД програмата 2014-2020, јавните повици и др.

Во однос на ИПАРД III програмата, претставникот на ЕК, г-дин Зиго Рутковски, истакна дека е потребно да се поставаат пореални цели, засновани на анализа, планирање итн. Во однос на територијалното и секторското покривање, треба да се разгледа можноста за специјални, насочени повици, т.е. преку ИПАРД III заедно со ИПАРД II за да се обезбеди рамномерен развој во целата земја, не само во специфични региони.

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Живко Брајковски информираше дека рамномерниот регионален развој на регионите во РНМ е приоритет на Владата на РНМ и тоа веќе се рефлектира во предложените мерки за ИПАРД III каде што во фазата на рангирање, се даваат најмногу поени до неразвиените региони.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 4: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење.**

6. Во врска со точка 6 од дневниот ред: "Дискусија/одобрување на Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД"

Г-дин Виктор Младеновски ја презентираше состојбата со подготовката на Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД за 2020 година. Извештајот ќе се достави до службите на ГД за земјоделство најдоцна до 30ти јуни 2021.

Во врска со оваа точка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 5: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на состојбата со подготовка на Годишниот извештај за спроведување за 2020 година.**

7. Во врска со точка 7 од дневниот ред: "Дискусија/одобрување на модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020, модификација на финансиските табели на Програмата".

Во врска со подточка 7.1 од дневниот ред: "Извештај за одобрената трета модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020".

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Живко Брајковски, информираше за третата модификација на Програмата. Модификацијата предвидува пренамена на средства и тоа 2,08 милиони € од мерката 3 во мерката 7 и 0,9 милиони € од мерката 9 во мерката 7 (вкупно 3 милиони € од мерките 3 и 9 се префрлени во мерката 7).

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 6: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на третата модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

8. Во врска со точка 8 од дневниот ред: "Активности за техничка помош".

Во врска со подточка 8.1 од дневниот ред: "Информација за напредокот во спроведувањето на АПТА 2020".

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Кирил Ристоски информираше за реализираните активности од АПТА за 2020 година. Одделението за спроведување на мерката техничка помош ги спроведе следниве активности:

- Организација на состанок на Комитетот за следење;
- Ex-Post евалуација на ИПАРД Програмата 2007-2013;
- Подобрување на системот за следење на ИПАРД во пресрет на новиот програмски период;
- Реализација на кампања за публицитет на ИПАРД.

Активности во фаза на реализација преку мерката техничка помош:

- Организација на 3 состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД;
- Набавка на база со податоци за потребите на ИПАРД Агенцијата;
- Дизајнирање и одржување на интернет страна на ИПАРД Агенцијата;
- Состаноци со подсекторски групи – состаноци со сите подсекторски групи засегнати од спроведувањето на ИПАРД Програмата;
- Регионални состаноци со LAG-ови и потенцијални LAG-ови за спроведување на LEADER мерката.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 7: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на напредокот во спроведување на АПТА за 2020 година.**

Во врска со подточка 8.2 од дневниот ред: "Информација за активностите за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020".

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-ѓа Сашка Јовановска Вукелиќ, информираше за активностите во рамките на кампањата за публицитет за ИПАРД Програмата 2014-2020 година, предвидена во Годишниот акционен план за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 година за 2021 година. Таа ги презентираше реализираните активности, како и идните планирани активности во врска со комуникацијата и публицитет за 2021 година.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 8: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на напредокот на активностите за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

9. **Во врска со точка 9 од дневниот ред: “Информација за функционирањето на системот за управување и контрола”.**

Претставникот на НАО, г -дин Владо Караманолевски, го информираше Комитетот за функционирањето на системот за управување и контрола на ИПАРД.

Комитетот за следење беше информиран во врска со посетите за верификација од страна на НАО, внатрешните ревизии извршени во текот на 2021 година од страна на Одделот за внатрешна ревизија во рамките на секоја институција.

Тој, исто така, посочи дека е подготвен акционен план од НАО за потребите за вработување во ИПАРД структурите и истиот се следи редовно, односно најмалку еднаш месечно помеѓу НАО, министерот за финансии, вицепремиерот на РНМ задолжен за европски прашања и претставници на Европската Делегација. Средствата за вработување на 27 лица и 16 унапредувања се одобрени од Министерството за финансии.

Во врска со ризикот од губење средства во 2021 година, тој информираше дека до крајот на 2021 година не постои потенцијален ризик за губење на средствата.

Во врска со оваа подточка беше усвоен следниов заклучок:

**Заклучок бр. 9: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на фунционирањето на системот за управување и контрола.**

10. **Во врска со точка 10 од дневниот ред: “Информација/дискусија за резултатите од on-going евалуацијата на ИПАРД Програмата”.**

**Во врска со подточка 10.1 од дневниот ред: “Напредок на активностите поврзани со евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020”.**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Александар Антески ги презентираше деталите во врска со евалуацијата на ИПАРД програмата 2014-2020, односно планираните активности. Следниве пречки беа идентификувани за спроведување на активностите за евалуација

- Недостаток на човечки капацитет поврзан со активностите за евалуација;
- Одложување на преносот на информации и податоци од Агенцијата;
- Неконзистентни податоци во врска со спроведувањето на ИПАРД II Програмата.

Претставникот од ЕК, г-дин Зиго Рутковски, истакна дека е важно да се распределат средства за подобрување на капацитетот на ИПАРД структурата за следење и евалуација на ИПАРД 2014-2020 и ИПАРД 2021-2027.

Во врска со оваа подточка, членовите на МК го усвоија следниот заклучок:

Заклучок бр. 10: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на on-going евалуацијата на ИПАРД Програмата 2014-2020.

11. Во врска со точка 11 од дневниот ред: "Подготовка на ИПАРД Програма 2021- 2027 (ИПАРД III)".

Во врска со подточка 11.1 од дневниот ред: "Информација за подготвителните активности за ИПАРД Програмата 2021- 2021".

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Живко Брајковски, ги презентираше преземените активности во врска со подготовката на ИПАРД програмата 2021-2027. Вториот нацрт на Програмата се очекува да биде доставен до ГД за земјоделство во септември 2021 година. Се очекува конечно да биде усвоен во декември 2021 година. Според оваа временска рамка, првиот Јавен повик на ИПАРД III програмата ќе се реализира во периодот од крајот на април до јуни 2022 година.

Претставникот од ЕК, г -дин Зиго Рутковски, ги информираше учесниците за подготовките за ИПАРД III Програмата. Се подготвува регулатива за имплементација на ИПАРД III, а упатствата и нацрт -мерките веќе се усогласуваат со секоја земја поединечно. Вкупниот буџет за ИПАРД III, за сите земји кориснички на ИПАРД ќе изнесува 1,1 милијарда евра. ИПАРД III ќе и даде поголема важност на зелената агенда, односно управување со отпад, модернизација на фармите и начинот на практикување земјоделски технологии, одржлива употреба на природните ресурси. Оваа програма ќе вклучува две нови мерки: финансиски инструменти и иновации и трансфер на знаење.

Тој се осврна и на моменталната состојба на ИПАРД III програмата во РНМ. Тој изрази задоволство од досега постигнатиот успех и, исто така, ја пофали динамиката на работата на Телото за управување со ИПАРД, како и другите во ИПАРД структурата. Доколку продолжи истата динамика, не се очекуваат поголеми пречки. Недостатокот на персонал сеуште останува главен проблем.

Во врска со оваа точка, беше донесен следниот заклучок:

Заклучок бр. 11: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на подготвителните активности за ИПАРД III.

12. Во врска со точка 12 од дневниот ред: "Разно".

За оваа точка немаше дискусија.

13. Во врска со точка 13 од дневниот ред: "Предлог на дневен ред за следниот, деветти состанок на Комитетот за следење/договор за индикативен датум".

Во врска со точката 13 од дневниот ред, претседавачот информираше за нацрт агендата за 9[от] состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II. Тој предложи датумот за следниот состанок да се договори во согласност со достапноста на претставниците на Европската комисија.

Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД го затвори состанокот и го прогласи за успешен.

| ЗА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД: | ЗА СЕКРЕТАРИЈАТОТ: |
|---|---|
| Rexhail Ismailli | Живко Брајковски |
| Титула: Претседавач | Титула: Раководител на Тело за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: |

Прилог 1: Листа на присутни членови (или нивни заменици) на состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

| Бр. | Име на членот | Институција | Присутен | Присутен (заменик член) | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Реџаил Исмаили | МЗШВ | √ | | | |
| МИНИСТЕРСТВА | | | | | | |
| 2 | Дритан Рамадани | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 3 | Гоце Георгиевски | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 4 | Маја Лазареска Јовеска | МЗШВ | | √ | Татјана Вета | 0 |
| 5 | Неда Груевска | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 6 | Евгенија Серафимовска Кирковски | СЕП | | √ | Дана Петреска | 0 |
| 7 | Марина Арсовска | Министерство за економија | | √ | Ардијана Абази | 0 |
| 8 | Вулнет Арифи | МЛС | / | / | / | 2 |
| 9 | Авзи Демири | МК | / | / | / | 1 |
| 10 | Назмије Идризи | МЖСПП | √ | | | 0 |
| 11 | Марјан Копевски | Министерство за транспорт и врски | √ | | | 0 |
| 12 | Владо Аврамовски | Министерство за труд и социјална политика | √ | | | 0 |
| 13 | Сашко Арсов | АХВ | / | / | / | 1 |
| АГЕНЦИИ | | | | | | |
| 14 | Елгафар Јусуфи | АПРЗ | √ | | | 0 |
| 15 | Љиљана Вуковиќ | Агенција за поддршка на претприемништвото | / | / | / | 2 |
| ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | | | |
| 16 | Игор Тасевски | Стопанска комора на Македонија | / | / | / | 2 |
| 17 | Огнен Оровчанец | Агробизнис комора при Сојуз на стопански комори на Македонија | / | / | / | 2 |
| 18 | Сашо Ристески | Македонска асоцијација на преработувачи | √ | | | 0 |
| 19 | Асен Дуковски | Сојуз на земјоделци на Македонија | √ | / | / | 1 |
| 20 | Зоран Зимбаков | Заедница на единиците на локалната самоуправа | / | √ | Наташа Вртеска | 0 |
| 21 | Александра Мартиновска-Стојчевска | Факултет за земјоделски науки и храна | √ | | | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | Агрон Фазлији | Занаетчиска комора на Република Северна Македонија | | √ | Лидија Стојановска | 0 |
| 23 | Даниела Димовска | Факултет за земјоделски науки и храна - УГД Штип | √ | | | 0 |
| 24 | Марина Тошевска | Агро-Лидер | √ | | | 0 |
| 25 | Петар Ѓоргиевски | Рурална мрежа на Р.М. | √ | | | 0 |
| 26 | Владимир Петков | Факултет за ветеринарна медицина | √ | | | 0 |
| 27 | Сашо Крцоски | Мрежа на млади фармери | √ | | | 0 |
| 28 | Владо Бабаџовски | Синдикално здружување на земјоделски производители „СПАС“ | / | / | / | 2 |
| 30 | Наталија Меловска | Македонско еколошко друштво | | √ | Фросина Пандурска Драмиќанин | 0 |
| 31 | Лилјана Јоноски | Рурална коалиција | √ | | | 0 |
| 32 | Ненад Стојанов | Асоцијација на земјоделци | √ | | | 0 |
| 33 | Јани Ќука | Вина од МАкедонија | / | / | / | 1 |
| 34 | Арбен Халили | Стопанска комора на северо- западна Македонија | √ | | | 0 |
| 35 | Хазир Положани | Универзитет во Тетово | / | / | / | 1 |
| | ВКУПНО: | | 18 | 6 | | |

Прилог 2: Листа на набљудувачи

Претставници на владини институции:

- **Никола Бабовски –** Агенција за храна и ветерина;
- **Нефрус Челику –** Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта;
- **Александар Димитровски** - МЗШВ;
- **Стефани Арсовска** – Кабинет на Вицепремиер задолжен за економски прашања.

Претставници од Државен завод за ревизија (Ревизорско Тело):

- **Адем Цури -** Ревизорско Тело;
- **МЗоран Ристовски -** Ревизорско Тело;
- **Љубица Локвенец** – Ревизорско Тело.

Претставници на економски и социјални партнери:

/

## Прилог 3: Резултати од спроведувањето на ИПАРД Програмата

| Јавен повик (мерка) | Поднесени | | Одобрени | | Исплатени | | Опис |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | барања | ЕУ дел | барања | ЕУ дел | барања | ЕУ дел | |
| 01/2017 (сите) | 1.648 | 72.329.985 | 899 | 16.099.845 | 862 | 12.097.940 | Исплата на 1,5 мил. € очекувана во 2021 |
| 01/2018 (М3) | 65 | 15.306.651 | 38 | 6.700.036 | 30 | 2.668.049 | Исплата на 3,2 мил. € очекувана во 2021 |
| 02/2018 (М1) | 1.099 | 18.335.969 | 640 | 6.319.986 | 581 | 2.535.021 | Исплатата продолжува во 2021 и 2022 |
| 01/2019 (М7) | 261 | 43.884.372 | 76 | 6.689.961 | 8 | 533.382 | Одобрувањето продолжува, се очекуваат уште 25 договори |
| 02/2019 (М3) | 61 | 16.763.738 | 48 | 8.689.904 | 4 | 361.735 | / |
| 01/2020 (М1) | 748 | 21.012.213 | 299 | 2.250.872 | / | / | Одобрувањето е започнато |
| Вкупно | 3.882 | 187.632.928 | 2.000 | 46.750.604 | 1.485 | 18.196.127 | |